## *Извештај од годишниот натпревар по социологија и граѓанско образование во 2003 година*

# МОТИВИРАЧКА СРЕДБА ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Во организација на Здружението на социолозите на Република Македонија, со подршка на Бирото за развој на образованието на Република Македонија, секоја година се одржуваат државни натпревари по предметот социологија. Со воведувањето на предметот граѓанско образование се одржуваат натпревари и по граѓанско образование. Во 2003 година натпреварите по социологија се одржаа во Кочани. Училиште-домаќин беше ДСУ "Ѓошо Викентиев" од Кочани.

Пред натпреварот имаше мала пригодна свеченост по повод отворањето на манифестацијата што се одржа во Мултукултурниот дом во Кочани. Свеченоста ја отвори професорот по граѓанско образование во училиштетото-домаќин Томе Филипов. Со пригодна реч се обрати и секретарот на општината Кочани Венцо Бојков. За карактерот на манифестацијата како и за значењето на социологијата во современи услови на живеење говореше потпреседателот на Здружението проф. д-р Милева Ѓуровска. Во излагањето беше истакнато дека позначајно од натпреварот претставува самата средба, која е од еснафска природа т.е. да работиме заедно, за да ја унапредиме сопстваната професија, а ја унапредуваме, пред се, укажувајќи колку сме ѝ ние посветени. Социолозите покрај знаењата за општеството треба да развијат посебен облик на социјабилитет меѓу самите нив, а оваа е погодна пригода за тоа бидејќи делува мотивирачки за младите луѓе, кои сеуште не ја избрале својата идна професија.

Учениците беа прифатени од своите соученици од ДСУ "Ѓошо Викетниев", но и од соучениците од гиманзијата "Љупчо Сантов" од Кочани кои помогнаа во организацијата. Натпреварот беше реализиран во мотелот Гратче, во пријатен и мошне погоден амбиент за вакви активности.

Натпреварот се реализираше низ четири типа на тестови на знаење. Три по социологија, и еден по граѓанско образование. Поради фактот дека во гимназиите социологија се учеше од три

учебници, комисијата одлучи да направи тест за секој учебник т.е. учениците правеа тест од оној учебник по кој учеле во тековната година. Секој тест имаше по триесет прашања, што значи дека секој натпреварувач можел да освои максимум 30 бодови. Бидејќи беа многу натпреварувачи, а тестовите различни, комисијата одлучи сите оние што ќе освојат максимален број на поени да напишат и еден многу кус есеј.

Комисијата што ги подготви тестовите ја сочинуваа членовите од Извршниот одбор на Здружението: проф. д-р Милева Ѓуровска, Викторија Гавритова (секетарка и студент на постипломски студии), асистент Татјана Стојаноска и Невенка Арсова (за граѓанско образование). Во комисијата која го реализираше натпреварот и ги оцени тестовите покрај другите членови учествуваше и доц. д-р Весна Димитриевска.

Тестот беше реализиран според вообичаената процедура на целосна анонимност. Победниците од првиот круг правеа есеј на тема: "**Културата, човековата природа и цивилизацијата**". Натпреварувањето заврши со прогласување на победниците и читањето на првите три најдобри есеи. На победниците им беа доделени скромни парачни награди, дипломи и стручна литература.

Првото место според содржините од стариот учебник по социологија го освои ученичката Ивана Пандева од ДСУ "Јане Сандански" од Струмица, под менторство на професорот Ѓорѓи Трајков.

Првото место од учебниците за втора година по новата програма го освои ученичката **Мицалевска Тања** од ДСУ "Ј.Б. Тито" од Битола, под менторство на професор Весна Жоглева.

Првото место по предметот граѓанско образование го освои ученикот **Давор Ангеловски** од ДСУ "Ѓорче Петров" од Крива Паланка, под менторство на професор Гордана Пешовска.

Второ место според стара програма освои ученичката **Јошевска Љупка** од ДСУ "Јосиф Јосифовски" од Гевгелија под менторство на професор Нада Ничевска

Второто место според новата програма го освои ученичката Валерија Стојковска од ДСУ "Методи Митевски-Брицо" од Македонска Каменица под менторство на професор Наташа Гоцевска.

Второто место по предметот граѓанско образование го освои ученичката **Даниела Тутаркова** од УСО "Димитрије Чуповски" од Велес, под менторство на професор Маја Хеско.

Трето место по стара програма освои ученичката **Мацова Евгенија** од ДСУ "Славчо Стојменски" од Штип под менторство на професор Јовче Арсов.

Третото место според новата програма го освои ученичката **Ристовска Сандра** од ДСУ "Орце Николов" од Скопје, под менторство на професор Арсова Невена.

Третото место по предметот граѓанско образование го освои ученикот **Јанков Ристе** од ДСУ "Св. Кирил и Методиј" од Неготино, под менторство на Петров Миле.

Есејот кој беше прогласен за најдобар според содржините од стариот учебник по социологија е од Пандева Ивана од ДСУ "Јане Сандански" од Струмица, под менторство на професорот Ѓорѓи Тајков.

"Културата, човековата природа и цивилизацијата"

Културата е често употребуван поим, како во социологијата, така и во обичниот говор, но неговото значење е различно. Под поимот култура (во обичниот говор) подразбираме начини на префинето однесување , кои се однесуваат на добриот вкус за облекување, култура, музика... Во социологијата културата има пошироко значење. Таа овде се однесува на целокупниот начин на живот на луѓето во едно општество. Овде спаѓаат:

-Вредностите, кои луѓето ги поседуваат

-Нормите, кои ги почитуваат и

-Материјалните блага, што ги произведуваат.

Или култура претставува сè она што го носиме научено и што го споделуваме (или пренесуваме) со (на) другите членови од општеството. А, овде влегуваат и начините на однесување, начините на покажување на емоции, начините на облекување и слично.

Културата и цивилизацијата често се употребуваат како синоними, но тие се разликуваат меѓу себе. Културата обично се однесува на начините на кои луѓето го восприемат светот.

А, цивилизацијата, пак, претставува една посебна целина која се однесува на развиени облици на државност, право, писмо и слично. Кога човечката група ја нарекуваме култура, ги земаме в предвид начините на однесување, стиловите на живеење, покажувањето на емоциите. Кога човечката група ја нарекуваме општество, ги земаме во предвид сите процеси на интеракција во кои стапуваат луѓето во таа група, која е предмет на проучување.

Природата на човекот го предодредила него да живее во општество. Човекот е креативно суштество. Иако е втемелен во културата, тој делува врз начинот на кој ќе ја креира својата иднина и начинот на кој ќе ги оствари своите цели.

Социологијата тежнее да ги открие општествените законитости, а тоа го постигнува со научниот метод кој е заснован врз начелата на логичноста и објективноста. Начелото на логичност бара секој нов чекор да биде во согласност со она што е претходно утврдено, а начелото на објективност бара придржување кон одредени процедури, кои ќе ги сведат до минимум интуицијата, мислењата и претпоставките.

И цел на човекот во исто време е да ги открие природните законитости, да воспостави господство над природата, а тоа се постигнува со трајно усовршување на неговиот разум, со што измисли успешни решенија со кои ќе ја задоволи својата егзистенција.

---

Најдобар есеј според содржините на новите учбници од Мицалевска Тања од ДСУ "Ј.Б. Тито" од Битола, под менторство на професор Весна Жоглева:

"Културата претставува целосен систем кој опфаќа знаења, верувања, уметност, морал, право, обичаи, умеења, навики и други способности, кои поединецот ги стекнал како припадник во општеството"

Едвард Тејлор

Културата во едно општество е начин на живот на неговите припадници. Човекот е суштество кое единствено

создава со јасна цел да си го олесни опстанокот, да се заштити од секојдневните згоди и незгоди и да ги предвиди неизбежните катастрофи на природата. Културата, според Жорж Димаздие, задолжително мора да ги опфаќа духовните вредности, работата на човекот, должностите на семејството, безделничењето.

Кога станува збор за духовните вредности мора да забележиме дека духовната култура се користи за означување на образованието, но и облагородувањето на духот на човекот од друга страна. Затоа велиме дека културата може да се сфати како симболичка активност. Во општеството има бројни и различни култури. Сите тие имаат свој поглед на светот, вредносени системи, јазикот како средство за комуникација, своја религија и материјални области, како што се технологијата, применетите науки и.т.н.

Всушност, поимот култура е поврзан со поимот земјоделска култура. Земјооделската култура претставува прва фаза од човековото општество кога човекот бил претежно врзан и зависен од природата, додека пак , втората духовна култура означува фаза од општеството во која човекот е надмоќен над природата. Кога зборуваме за надмоќта на човекот врз природатоа е вистинскиот момент кога треба да се спомене поимот цивилизација.

"Цивилизацијата ја покажува интелектуалната и производствената моќ на човекот над природата односно неговата способност да ја прилагоди природата на сопстваните цели"

Едвард Тејлор

Значи, има разлика меѓу поимот цивилизација и поимот култура, односно културата е поширок поим од цивилизацијата. Имено, културата е една организирана појава, модел, однесување, предмет, идеи, чувства, која настанува со употребата на симболите.

"Културата е создадена кога е создаден и човекот кој може да употребува симболи"

Лесли Вајт

Есеј од Давор Ангеловски од ДСУ “Ѓорче Петров” од Крива Паланка, под менторство на професор Пешовска Гордана:

Човекот е создаден со создавањето на животот на земјата. Неговите претци, хоминидите, се појавиле пред повеќе од 2 милиона години. Според теоријата на Чарлс Дарвин човекот и човеколиките мајмуни водат заедничко потекло од еден дамнешен предок. Патеката на еволуцијата се разделила пред еден милион години, така што во една насока се развил човекот, а во друга човеколиките мајмуни што се денес и негови најблиски сродници. Човекот како и животните има потреба од задоволување на некои биолошки потреби (пр. храна, вода...) но исто така, подлегнува на некои биолошки закони како што се: раѓање, растење, стареење и умирање.

Но, постојат и многу разлики кои човекот го одделуваат од останатиот жив свет, па и од неговите блиски сродници.

Таквите разлики се исправен од, способност за апстрактно мислење, способност за комуникација, правње орудија, и живот во рамките на општеството. Неговата способност е во тоа што тој живее во организирани општествени заедници и создава свесен и целесообразен однос кон себе, кон светот и кон другите. Сите овие предности му овозможиле на човекот да создава вредности, односно, култура и на тој начин да ги надмине своите биолошки сродници.

Човекот преку својот особен начин на живот создава вредности според кои се разликува од другите припадници во општеството но и од припадниците на другите општества. Во најопшта смисла за културата може да се каже дека е систем од вредности со кои го разубавуваат , осмислуваат и организирааат човековиот живот. Па, така култура претставуваат : мостовите, црквите, средствата за масовна комуникација и сл. Сите тие елементи го формираат културниот идентитет на човекот според кој тој се разликува од припадниците на другите култури.

Да се биде припадник на една култура е чест и задоволство но и голема одговорност и обврска. Постојат слични и различни култури. Заедничките елементи на сите култури се културните универзалии, а јазикот е еден од најзначајните културни универзалии, затоа што е карактеристичен за сите култури и без него не може да се создаде ниту една култура. Тој е и најлесен начин за наметнување на своето влијание врз другите. Човекот е цивилизирано суштество што живее во општество, каде што според одредени правила , норми, вредности и обичаи се однесува кон другите луѓе.

## УЧЕСНИЦИ НА НАТПРЕВАРИТЕ ПО СОЦИОЛОГИЈА И ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

1.Костовски Мартин ДСУ "Никола Карев"-Скопје
2.Вера Хаџи-Пуља ДСУ "Раде Јовчевски- Корчагин"-Скопје
3.Кускински Стојан ДСУ "Ацо Русковски"-Берово
4.Марија Крстева ДСУ "Љупчо Сантов"-Кочани
5.Илиева Љупка ДСУ "Ванчо Прке"-Виница
6.Петрова Радица ДСУ "Добри Даскалов"-Кавадарци
7.Љочева Надица ДСУ "Јане Сандански"-Струмица
8.Скандиловска Александра ДСУ "Таки Даскало"-Битола
9.Милена Илиевска ДСУ "Здравко Цветковски"-Скопје
10.Сања Попова ДСУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија
11.Елена Белеска ДСУ "Наум Наумовски-Борче"-Крушево
12.Александра Ангелова ДСУ "Јосип Броз Тито"-Скопје
13.Глигор Петров ДСУ "8-ми Септември"-Скопје
14.Томов Марјан ДСУ "Коста Сусинов"-Радовиш
15.Манчева Васка ДСУ "Јане Сандански"-Штип
16.Камчева Мирјана ДСУ "Ѓорче Петров"-Кавадарци
17.Зорица Спасиќ ДСУ "Боро Петрушевски"-Скопје
18.Јане Стојаноски ДСУ "Здравко Цветковски"-Скопје
19.Митев Александар ДСУ "Коле Нехтехин"-Штип
20.Тошева Снежана ДСУ "Гоце Делчев"-Валандово
21.Маџова Евгенија ДСУ "Славчо Стојменски"-Штип
22.Пандева Ивана ДСУ "Јане Сандански"-Струмица
23.Јанков Ристе ДСУ "Кирил и Методиј"-Неготино
24.Валерија Стојковска ДСУ "Методи Митевски-Брицо"-

Македонска Каменица
25.Мицалевска Тања ДСУ "Јосип Броз Тито"-Битола
26.Петковски Благојче ДСУ "Кузман Шапкарев"-Битола
27.Младеновски Коста ДСУ "Марија Склодовска-Кири"-Скопје
28.Билјана Мишова ДСУ "Ванчо Прке"-Виница
29.Стоилковски Даниел ДСУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово
30.Ѓорѓи Шеов ДСУ "Киро Спанџов-Брко"-Кавадарци
31.Александра Курета ДСУ "Наум Наумовски-Борче"-Крушево
32.Србиноска Маја ДСУ Св. "Наум Охридски"-Македонски Брод
33.Радмила Стојаноска ДСУ "Чеде Филипоски Даме"-Гостивар
34.Давор Ангеловски ДСУ "Ѓорче Петров"-Крива Паланка
35.Ристовска Сандра ДСУ "Орце Николов"-Скопје
36.Серафимова Лилјана ДСУ "Добри Даскалов"-Кавадарци
37.Јасмина Ристова ДСУ "Ванчо Прке"-Виница
38.Ѓорѓи Костов ДСУ "Љупчо Сантов"-Кочани
39.Стоилова Мимоза ДСУ "Јане Сандански"-Струмица
40.Стоиловска Катерина ДСУ "Методи Митевски-Брицо"-Делчево
41.Марија Лазова ДСУ "Здравко Цветковски"-Скопје
42.Александра Велинова ДСУ "Кочо Рацин"-Скопје
43.Валентина Димитрова ДСУ "Коста Сусинов"-Радовиш
44.Елена Андоновска ДСУ "Јосип Броз Тито"-Скопје
45.Горица Јованова ДСУ Св."Кирил и Методиј"-Неготино
46.Даница Паскоска ДСУ "Ѓорѓи Димитров"-Скопје
-Валмарска Александра ДСУ "Ацо Рускоски"-Берово
-Слободан Лајкоски ДСУ" Нико Нестор"-Струга
-Ивана Банџо ДСУ Раде "Јовчески Корчагин"-Скопје
-Јованова Благица ДСУ "Јовче Тесличков"-Велес
-Митевски Петар ДСУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово
-Ѓоргиева Моника ДСУ "Гоце Делчев"-Валандово
-Даниела Тутаркова ДСУ "Димитрија Чупоски"-Велес
-Митевски Даниел ДСУ "Таки Даскало"-Битола
-Александра Петрушева ДСУ "Кочо Рацин"-Велес
-Ристова Ратка ДСУ "Коста Сусинов"-Радовиш
-Христина Чагорска ДСУ "Јосип Броз Тито"-Битола

Од Комисијата